Врз основа на членот 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), и членовите 111 и 112 од Одлуката за комунален ред на Општина Кочани („Службен гласник на Општина Кочани“ бр.2/98), Советот на Општина Кочани, на седницата одржана на 20.6.2014 година, донесе

# О Д Л У К А
## за измена и дополнување на Одлуката за користење на јавниот простор за паркирање на подрачјето на градот Кочани

Член 1

Во Одлуката за користење на јавниот простор за паркирање на подрачјето на градот Кочани, („Службен гласник на Општина Кочани“, бр.5/014), се вршат следните измени и дополнувања:

Во членот 12 во ставот 1 по зборовите „правните лица“ се додаваат зборовите „и вработените во тие правни лица“.

Член 2

Во членот 14, ставот 1 се менува и гласи:

„Со временски ограничениот простор за паркирање (со надоместок) определен во членот 4 од оваа одлука, ќе стопанисува КЈП „Водовод“ - Кочани.

Ставовите 2, 3, 4 и 5 се бришат.

Член 3

Членот 18 се менува и гласи:

„Одлуката ќе има пробен период на примена кој ќе трае 3 (три) месеци сметано од денот на влегувањето во сила на оваа одлука“.

Во пробниот период на примена на одлуката, ќе се наплатува надоместок за паркирање само на следните паркинг простори:

- на улицата „Маршал Тито“ на потегот од крстосницата кај Триаголникот до спојот со ул.„Иван Серафимов“ (објект на ЈП Македонска пошта);
- голем паркинг простор кај Трговски центар - кон реката;
- паркинг просторот на улица „Димитар Влахов“ од крстосницата кај Триаголникот до спојот со улицата што води кон Трговскиот центар (до објектот на Осигурителна полиса);
- паркинг просторот кај кулата „Треска“
- спојот на крак од ул. „Маршал Тито“ со ул. „Димитар Влахов“ (кај аптеката Зегин);

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.07-1375/1
20.6.2014 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани,
Јордан Димитров